Датум

До

Агенција за електронски комуникации
г-дин Роберт Ордановски, Директор
ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје

Т-Мобиле Македонија
29-9905/1
18-07-2012

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 19.07.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 977/12 | 3 | — |

Предмет: Коментари на Т-Мобиле Македонија АД Скопје на Правилникот за начинот на пренос на СМС пораки кои се однесуваат на заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културното богатство и туризмот во Република Македонија

Почитувани,

Ви благодариме за укажаната можност за искажување на нашето мислење преку доставување на коментари и забелешки во врска со Правилникот за начинот на пренос на СМС пораки кои се однесуваат на заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културното богатство и туризмот во Република Македонија (понатаму: предлог – Правилник), објавен на јавна расправа на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации (понатаму: АЕК) на 19.07.2012 година.

Во продолжение на овој допис, Ви ги доставуваме коментарите на Т-Мобиле Македонија АД Скопје (понатаму: Т-Мобиле МК) за предметниот предлог – Правилник и се надеваме дека истите ќе бидат прифатени во конечната верзија на документот.

Генерално, коментарите на Т-Мобиле МК се во насока на тоа дека предложното решение во предлог – Правилникот се нереални и технички невозможни. Од тие причини Т-Мобиле МК дава предлог решенија со кои смета дека ќе се реализира целта на предлог – Правилникот, а кои се брзо и лесно изводливи. Од тие причини искрено се надеваме дека АЕК сериозно ќе ги земе во предвид нашите коментари и ќе ги вклучи во конечната верзија на предлог – Правилникот.

1. Во член 2 предлагаме терминот "бесплатно" да биде избришан и членот 2 да гласи:

*"Операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги треба на писмено барање од тело формирано од државен орган за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, да обезбедат пренос на СМС пораки кои се однесуваат на заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културното богатство и туризмот во Република Македонија. Овие СМС пораки ќе се наплаќаат по големопродажната цена за СМС порака на операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги "*

Адреса/Address
Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации - Скопје
T-Mobile Macedonia, Joint Stock Company for Mobile Communication - Skopje
„Орце Николов" бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Orce Nikolov bb, 1000 Skopje, R Macedonia
Тел./Tel; Факс/Fax
Контакт центар/
Contact Centre
+389 70 201 201, +389 2 3201 201; +389 70 201 301, +389 2 3201 301
+389 70 122; факс/fax: +389 800 12 333
kontakt@t-mobile.com.mk;
www.t-mobile.com.mk
ЕМБС/ Company Reg. No 5523907
ISO 9001 и ISO 14001 сертифицирана компанија/ISO9001 ...

Сметаме дека е неоправдано барањето за бесплатно обезбедување на СМС услуги со оглед на тоа дека ваквата услуга може значително да ја зголеми искористеноста на ресурсите на операторите и давателите на услуги и може да биде злоупотребена во одредена мера. Ваквата услуга ќе генерира и реален трошок за операторите кој не може да бдие покриен доколку услугата остане бесплатна.

2. Во врска со член 7 став 1 алинеја 1 сакаме да истакнеме дека праќање на СМС пораки кога претплатникот или роаминг претплатникот е на растојание од 50 метри од културна знаменитост , не е технички можно. Оваа идеја не е возможно да се реализира не само од причина што Т-Мобиле МК (ниту било кој друг оператор на јавна мобилна комуникациска мрежа во РМ) не поседува опрема која ќе може да ја детектира локацијата на претплатникот, туку и поради тоа што дури и кога би поседувале таква опрема, денешните технички решенија не овозможуваат детекција на претплатник на растојание помало од 100м-300м од одредена точка при што растојанието зависи од оддалеченоста на претплатникот од базната станица на операторот.

Дополнително, дури и кога би се направила измена на дефинираното растојание од 50 метри од културната знаменитост, набавката на опрема за локациски базирани услуги ќе претставува значителна инвестиција за Т-Мобиле МК и за другите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи во РМ.
Од овие причини предлагаме за со цел на реализирање на идејата на предлог – Правилникот и обезбедување на информации за одредена културна знаменитост да се поставаат табли со информативна содржина за секоја знаменитост и/или посочување на одреден број со чие бирање и внесување на шифрата на знаменитоста претплатникот ќе може да добие детална информација, по негово барање, преку IVR решение со кое ќе му биде овозможен пристап до говорен автомат со информативни текстуални содржини на повеќе светски јазици.
Со ваквото решение ќе се покрие и прашањето за обезбедување на согласност од претплатникот, а особено претплатникот роамер, за добивање на одредени информации од негов интерес.

3. Во врска со член 7 став 1 алинеја 2 со која се предлага операторите и/или давателите на содржински услуги да пратат соодветна СМС порака до претплатниците или роаминг претплатниците кога тие ќе влезат или ќе излезат од зона од туристичко и културно значење за Република Македонија, должни сме да укажеме на фактот дека праќање на пораки во ваков случај е технички можно доколку тие области се со големина која нема да предизвика технички проблеми во работењето и реализирањето на услугата.
Доколку АЕК смета дека оваа идеја треба да се реализира на ваков начин предлагаме Република Македонија да се подели во најмногу 10 до12 зони во кои кога претплатник ќе се најави ќе може да добие СМС пораки со информации во врска со таа конкретна зона. Воедно должни сме да информираме дека со цел да се реализира вакво решение потребен е дополнителен развој и инвестиции во Т-Мобиле МК и разумен временски рок за истото.

4. Во врска со член 7став 1алинеја 3 со која се предлага операторите и/или давателите на содржински услуги да пратат соодветна СМС порака до роаминг претплатниците кога за прв пат ќе се регистрираат на мрежата на операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги, сакаме да укажеме на тоа дека за да може Т-Мобиле МК да праќа пораки до роаминг претплатници во наша мрежа согласно правилата и препораките на GSMA, треба задолжително претходно да добие одобрение за тоа од своите роаминг партнери. Доколку не добие такво одобрение, а ги праќа вака предвидените СМС пораки, тогаш постои можност роаминг партнерот да го раскине роаминг договорот со Т-Мобиле МК, што е значителен бизнис ризик за секој оператор поради прекршување на меѓународно утврдените правила за работење во оваа област.

Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации - Скопје
T-Mobile Macedonia, Joint Stock Company for Mobile Communication - Skopje
Адреса/Address „Орце Николов" бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Orce Nikolov bb, 1000 Skopje, R Macedonia
Тел./Tel; Факс/Fax +389 70 201 201, +389 2 3201 201; +389 70 201 301, +389 2 3201 301
Контакт центар/ Contact Centre +389 70 122; факс/fax: +389 800 12 333
kontakt@t-mobile.com.mk;
www.t-mobile.com.mk

ЕМБС/ Company Reg. No 5523907
ISO 9001 и ISO 14001 сертифицирана компанија/ISO9001 ...

Сметаме дека реализацијата на оваа идеја е можна со праќање на СМС пораки кога роаминг претплатникот се најавува за првпат во Република Македонија со која порака роаминг претплатникот може да биде упатен на одреден телефонски број на кој ќе може да добие информации од ваков карактер.
Искуствата од дел од останатите земји на оваа тема покажуваат дека кога роаминг претплатник се најавува во мрежата на операторот добива СМС порака со информација за број на кој секогаш ќе може да добие туристичка информација. Т-Мобиле МК би можел да го доразвие ова така што секогаш кога роаминг претплатникот ќе го бира тој број, врз основа на ќелијата од базната станица од каде што го бира бројот да може да добие различна информација преку IVRили СМС. И за оваа техничка можност потребен е дополнителен развој и инвестиции во Т-Мобиле МК и разумен временски рок за реализација.

5. Во член 9 предлагаме зборовите "ваков вид на" да се избришат, а на крајот од реченицата по зборот "пораки" да се додаде "за цели на директен маркетинг, во согласност со позитивните прописи на Република Македонија.", со што членот 9 би гласел како што следи:

*"Операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги ќе ги проследат СМС пораките на телото од членот 2 на овој правилник само на оние претплатници од кои имаат согласност за примање на СМС пораки за цели на директен маркетинг, во согласност со позитивните прописи на Република Македонија."*

6. Во член 10 предлагаме по зборовите "доколку сакаат" да се додадат зборовите"бесплатно и со користење на едноставни средства" со што членот 10 би гласел како што следи:

*"Операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги треба на претплатниците да им обезбедат можност, доколку сакаат, бесплатно и со користење на едноставни средства да го откажат примањето на СМС пораките на телото од членот 2 на овој правилник."*

7. По членот 10 сметаме дека треба да бидат дадени рокови за имплементација на одредбите кои ќе бидат утврдени во конечната верзија на предлог – Правилникот. Предлагаме овие рокови да бидат дискутирани на јаваната дебата која веруваме дека АЕК ќе ја организира и по овој предлог – Правилник, со цел истите да соодветствуваат со конечните решенија за реализирање на предметот на овој акт, од причина што сите предложени решенија од Т-Мобиле МК имаат определени рокови за имплементација кои би апсолвирале одреден временски период кој треба да биде предвиден во овој предлог – Правилник и треба да биде реален и остварлив.

Т-Мобиле Македонија АД Скопје очекува дека по прибирање на коментарите од заинтересираните страни Агенцијата ќе организира работен состанок на којшто конструктивно ќе се продискутираат сите отворени прашања со цел да се разјаснат сите дилеми пред стапувањето на сила на предложените акт при што се надеваме дека забелешките дадени во овој допис ќе бидат сериозно разгледани и прифатени.

Со почит,

Т-Мобиле Македонија
АД за мобилни комуникации - Скопје

Главен извршен директор
Жарко Луковски

Главен оперативен директор
Тибор Видош

Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации - Скопје
T-Mobile Macedonia, Joint Stock Company for Mobile Communication - Skopje

Адреса/Address
„Орце Николов" бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Orce Nikolov bb, 1000 Skopje, R Macedonia

Тел./Tel; Факс/Fax
+389 70 201 201, +389 2 3201 201; +389 70 201 301, +389 2 3201 301

Контакт центар/ Contact Centre
+389 70 122; факс/fax: +389 800 12 333
kontakt@t-mobile.com.mk;
www.t-mobile.com.mk

ЕМБС/ Company Reg. No 5523907
ISO 9001 и ISO 14001 сертифицирана компанија/ISO9001 and ISO 1400...